# СТАТУТ

НА Здружението МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - Скопје

(ЗМКГБ Скопје)

Врз основа на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите бр. 07-1632/1 од 12.04.2010 год. (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 од 16.04.2010 година), Собранието на Здружението МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ (ЗМКГБ Скопје) на својата седница одржана во Скопје на 20.12.2019 година донесе

# СТАТУТ

## на Здружението МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ Скопје (ЗМКГБ Скопје)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението македонски комитет за големи брани е еден од правните следбеници на Југословенското друштво за големи брани на поранешна Југославија, со што има стекнато право на континуитет во своето постоење од 1950 година, признато од Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD), чиј што полноправен член е од 1994 година.

Член 2

Здружението македонски комитет за големи брани, согласно законот, претставува стручно-научно здружение на инженери и стручни лица кои што работно и професионално дејствуваат во областа на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на големите брани со придружните објекти.

Здружението македонски комитет за големи брани дејствува на целата територија на Република Македонија.

Член 3

Името на здружението е: „Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ Скопје“.

Во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите, освен полното име, се запишува и скратената ознака ЗМКГБ Скопје, со што истата може и официјално да се користи.

Седиштето на ЗМКГБ е во Скопје, со следнава адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј, бул. Партизански одреди, бр. 24, 1000 Скопје, Република Македонија.

Член 4

ЗМКГБ има својство на граѓанско правно лице и има права и обврски кои што произлегуваат од Законот и овој Статут. ЗМКГБ е запишано во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации.

Член 5

Имотот на ЗМКГБ се состои од севкупниот подвижен и неподвижен имот што ЗМКГБ го стекнал со своето дејствување и работа од разни извори од основањето. Со имотот на ЗМКГБ управува Претседателството на ЗМКГБ.

ЗМКГБ одговара со својот имот и со средствата со кои што располага за обврските што ќе настанат од неговата дејност.

Член 6

Во правниот промет и према трети лица ЗМКГБ го застапува Претседателот на ЗМКГБ (Застапник). За одделни задачи што ги утврдува Претседателството, ЗМКГБ може да биде застапувано и од Генералниот секретар на ЗМКГБ.

Член 7

Работата на ЗМКГБ е јавна. Јавноста на работењето се остварува преку известувања и информации во сопствените средства за информирање (соопштенија, дописи и други публикации), со одржување на отворени седници на Собранието, Претседателството и другите органи. На седниците може да присуствуваат и претставници на други здруженија и организации.

Член 8

ЗМКГБ има печат со тркалезна форма со еден круг, каде е напишано Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - Скопје, а во средината е амблемот на Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD), на кој од десната страна е напишана кратенката ЗМКГБ.

ЗМКГБ има и печат со правоаголна форма, со истиот текст како и печатот, а содржи и број, датум и место.

## II. ЗАДАЧИ, ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА И ЦЕЛИ

Член 9

Целите, задачите и делокругот на работата на ЗМКГБ произлегуваат од потребите и интересите на неговите членови и се во функција на развојот на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на големите брани со нивните придружни објекти во Република Македонија.

За остварување на целите за кои е основан, ЗМКГБ особено се грижи за остварување на следниве задачи:

- организира соработка со сите организации кои што се занимаваат со прашања од областа на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на големите брани со нивните придружни објекти;
- ја координира, насочува и стимулира работата на Стручните одбори;
- соработува со надлежните органи во Републиката за прашања од областа на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на големите брани со нивните придружни објекти;
- соработува со Меѓународната комисија за големи брани (ICOLD) и со други соодветни интернационални и национални асоцијации заради размена на информации, публикации и стручни предавања;
- организира стручни предавања, симпозиуми, советувања и конгреси;
- ја негува и развива етиката на инженерско-техничкото занимање во областа на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на големите брани со нивните придружни објекти и се грижи за чувањето, заштитата и подигнувањето на професионалниот углед на членовите на ЗМКГБ.

## III. ЧЛЕНСТВО

Член 10

Македонскиот комитет за големи брани дејствува на целата територија на Република Македонија.

Во составот на ЗМКГБ, за подобро организирање и работа, односно за поттикнување на работата и дејствувањето во одделни области, се формираат Стручни одбори.

Стручните одбори ги формира Претседателството на ЗМКГБ.

Член 11

Член на ЗМКГБ може да биде секој полнолетен граѓанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија, како и странски државјанин.

Член на ЗМКГБ се станува со потпишување на Пристапница и Изјава.

Во Пристапницата се наведуваат куси биографски податоци, податоци за стручниот, односно научниот степен и податоци за професионалната работа и вработување во областа на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на големите брани со нивните придружни објекти. При исклучување или престанок на членување во Комитетот, пристапницата задолжително се враќа.

Со Изјавата се потврдува подготвеноста за почитување на Статутот на ЗМКГБ и особено, чувањето на професионалниот углед и достоинство на ЗМКГБ и професијата во целина.

Решение за прием во членство на ЗМКГБ донесува Собранието.

ЗМКГБ за своите членови води регистар на членството кој се ажурира според потребите.

Член 12

Член на Македонскиот комитет за големи брани не може да биде лице кое:

- професионално не се занимава со проблемите од областа на истражувањето, проектирањето, градењето и одржувањето на браните со нивните придружни објекти;
- со својата професионална работа и однесување го нарушува угледот и достоинството на професијата или угледот на ЗМКГБ и Сојузот на градежните инженери на Македонија во целина;
- ги прикрива грешките и потешките последици што ги предизвикало со својата професионална работа и однесување или дало неточни или непотполни податоци;
- единствено заради лични цели или остварување на профит неаргументирано го нарушува професионалниот углед и достоинството на друг член на ЗМКГБ;
- не се придржува кон Статутот и другите акти на ЗМКГБ;
- со правосилна судска пресуда е лишено од деловната способност.

Член 13

Членот на Здружението македонски комитет за големи брани има права и должности:

- доследно да го почитува и спроведува Статутот на ЗМКГБ и другите акти и одлуки што ги донесуваат Собранието, Претседателството и другите органи на ЗМКГБ;
- да избира и да биде избиран во органите на ЗМКГБ;
- да дава предлози и да покренува иницијативи за работата и дејствување на ЗМКГБ и да учествува во нивната реализација;
- да има увид во работењето и дејствувањето на ЗМКГБ;
- да има увид и да ги користи научно-техничките и други информации со кои располага ЗМКГБ;
- да го чува, заштитува и подигнува професионалниот углед и достоинството на другите членови на ЗМКГБ и на ЗМКГБ во целина.

Член 14

Членството во Здружението македонски комитет за големи брани престанува:

- со изјава на членот дека доброволно се отпишува;
- со исклучување од ЗМКГБ.

Решение за престанок во членството на ЗМКГБ со исклучување донесува Судот на честа на ЗМКГБ.

Приговор кон решението на Судот на честа се поднесува до Собранието на ЗМКГБ. Решението на Собранието по приговорот е конечно.

Член 15

Во знак на особено признание за придонес во работата на ЗМКГБ и за развој на проблематиката од областа на големите брани воопшто, ЗМКГБ доделува звање *Почесен претседател на ЗМКГБ*. Ова почесно звање го доделува Собранието на ЗМКГБ на предлог на Претседателството. По правило, ова почесно звање е наменето за поранешните

претседатели на ЗМКГБ, но во исклучителни случаи можат да го добијат и други членови за особени заслуги за организацијата.

На предлог на Претседателството Собранието ги доделува и звањата *Заслужен член* и *Почесен член* на ЗМКГБ.

Признанието Почесен член може да се додели и на лице кое што не е член на ЗМКГБ.

## IV. ОРГАНИ НА ЗМКГБ

### Член 16

Органи на Македонскиот комитет за големи брани се:

1. Собрание на ЗМКГБ.
    - Претседател на ЗМКГБ
    - Генерален секретар на ЗМКГБ
2. Претседателство на ЗМКГБ
3. Надзорен одбор на ЗМКГБ
4. Суд на честа на ЗМКГБ.

Претседателството на ЗМКГБ, во согласност со Претседателот и Генералниот секретар на ЗМКГБ, по согледана потреба, формира стручни одбори и комисии, таканаречени Поткомитети на ЗМКГБ. Со решението за формирање на овие тела се утврдуваат задачите, составот и траењето на мандатот на истите.

### СОБРАНИЕ НА ЗМКГБ

### Член 17

Собранието е највисок орган на ЗМКГБ.

Собранието на ЗМКГБ го сочинуваат сите регистрирани членови на Здружението. По правило, Собранието на ЗМКГБ се одржува истовремено со одделна масовна манифестација на Комитетот (конгрес, симпозиум, стручен собир и сл.)

На Собранието се поканувaат да земат учество и сите почесни и заслужни членови на ЗМКГБ.

### Член 18

Собранието може да се свикува редовно и вонредно.

Редовна седница на Собранието свикува Претседателот на ЗМКГБ еднаш годишно, а вонредна седница Претседателот може да свика по барање на мнозинството од членовите на Претседателството, Надзорниот одбор или 1/5 од вкупниот број на членовите на Собранието и тоа во рок од најмногу 14 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Изборно Собрание се свикува еднаш на четири години.

Членовите-делегати за време на Изборните собранија избираат Претседател на ЗМКГБ, Генерален секретар и членови на Претседателството на ЗМКГБ, на Надзорниот одбор и на Судот на честа.

Во подолготрајно или неоправдано отсуство на Претседателот на ЗМКГБ, вонредно Собрание може да свика и Генералниот секретар на ЗМКГБ на предлог на повеќето членови на Претседателството.

### Член 19

Во надлежност на Собранието на ЗМКГБ спаѓаат:

- донесување на Статут на ЗМКГБ, донесување на измени и дополнувања на Статутот, донесување на програма за активноста на Комитетот, како и донесување на други акти и одлуки што не спаѓаат во надлежност на другите органи на ЗМКГБ;
- усвојување на годишен извештај, насоки и план за работа и дејствување на ЗМКГБ;
- разгледување и усвојување на извештаите за работата на Претседателството и Надзорниот одбор на ЗМКГБ;
- избор и разрешување на Претседателството, Надзорниот одбор и Судот на честа на ЗМКГБ;

- донесување на решение за престанок на работата на ЗМКГБ со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на неговите членови;
- усвојување на завршната сметка и финансиски план на ЗМКГБ;
- решавање за основање или укинување на ограноци на Здружението;
- констатирање за прием на нови членови или престанок на членувањето;
- доделување на звањата Почесен претседател, Почесен член и Заслужен член на ЗМКГБ;
- решавање по приговори и жалби на решенија на Претседателството и Судот на честа;
- донесување на решенија за здружување, зачленување или разделување од сродни здруженија, односно сојузи и организации во Република Македонија;
- донесување на решенија за меѓународна соработка и зачленување во меѓународни стручни и научни асоцијации.

Дел од своите надлежности во однос на прогласување на Почесни и Заслужни членови, Собранието може да му ги препушти на Претседателството на ЗМКГБ;

Член 20

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од една третина од членовите, но не помалку од 25 члена.

Собранието, по правило, решенијата ги донесува со просто мнозинство од присутните членови.

По правило, гласањето е јавно. Собранието може да реши гласањето по одделни прашања да биде и тајно.

Член 21

Седницата на Собранието ја води и раководи Претседателот на ЗМКГБ и члeновoте на работното претседателство, коешто го избира Собранието. За работата на Собранието се води посебен записник. Записникот го заверуваат двајца заверувачи, коишто ad hoc ги избира Собранието.

На крајот на секое изборно Собрание учесниците-делегати избираат, по правило со јавно гласање, Претседател, Генерален секретар и членови на Претседателство на ЗМКГБ, со мандат на траење од четири години.

Член 22

Начинот на работата на Собранието и постапката за предлагање, избор и разрешување на органите на ЗМКГБ се регулираат со Деловник за работа, којшто го донесува Собранието.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗМКГБ

Член 23

Претседателот на ЗМКГБ по правило е истовремено и Претседател на Собранието на ЗМКГБ.

Член 24

Претседателот на ЗМКГБ е застапник на ЗМКГБ, одговорен за работата и извршувањето на решенијата на Собранието. За својата работа и реализацијата на решенијата тој редовно го известува Претседателството и поднесува извештаи до Собранието на ЗМКГБ.

Претседателот на ЗМКГБ ги има следните права, обврски и одговорности:

- го застапува ЗМКГБ како во земјата, така и во странство;
- ги потпишува актите и договорите во име на ЗМКГБ во согласност со решенијата донесени од соодветните органи;
- го овластува Потпретседателот на Претседателството да го застапува Собранието на ЗМКГБ и неговиот Претседател во негово отсуство;
- ја координира работата на органите на ЗМКГБ и неговите Поткомитети.

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ЗМКГБ

### Член 25

Претседателството, заедно со Претседателот и Генералниот секретар, претствува највисоко тело на ЗМКГБ, што ги организира и реализира работата и дејствувањето на Здружението меѓу две свикувања на Собранието. Претседателството има 11 членови.

### Член 26

Претседателството ги врши следниве работи:

- непосредно ги извршува решенијата на Собранието;
- ги подготвува материјалите за седниците на Собранието и го свикува Собранието;
- го утврдува предлогот на Статутот и неговите измени и дополнувања и другите решенија што треба да ги донесе Собранието;
- подготвува предлози и планови за работа кои ги доставува до Собранието и го следи остварувањето на утврдената политика и стратегија на развојот на ЗМКГБ;
- делегира претставници на ЗМКГБ во сродни или други асоцијации;
- ја усогласува и утврдува големината на средствата што ЗМКГБ ги издвојува како придонес за функцијата на Сојузот на градежните инженери на Македонија, како и големината на средствата што како дотација ја добива од Сојузот за реализација на одделни програмски активности;
- именува постојани и повремени работни тела – комисии и одбори на Претседателството;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- непосредно се грижи за организацијата и одржувањето на стручно-научните симпозиуми и други форми на организирано дејствување на ЗМКГБ;
- распишува конкурс, врши избор и доделува признанија за најдобро дело од областа на големите брани;
- утврдува предлози за Почесен претседател, Заслужни и Почесни членови на ЗМКГБ;
- ја оценува работата на носителите на одделни функции во ЗМКГБ и на делегатите на ЗМКГБ во други органи и организации;
- врши и други работи што ќе му ги додели Собранието на ЗМКГБ.

### Член 27

Претседателството, на предлог од Претседателот, од редот на своите членови назначува Потпретседател на ЗМКГБ и благајник.

Во зависност од финансиските можности на ЗМКГБ, може да биде избран и технички секретар на Претседателството со скратено работно време.

Мандатот на членовите на Претседателството трае четири години.

### Член 28

Седниците на Претседателството ги свикува и со нив раководи Претседателот на ЗМКГБ, а во негово отсуство назначениот Потпретседател. Седница на Претседателството се свикува и на барање на Надзорниот одбор, на Судот на честа или на барање на најмалку 5 членови на Претседателството. Претседателството работи на седници.

Претседателството може да работи и решава ако на седницата се присутни повеќе од половина од неговите членови. Решенијата се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Претседателството со јавно гласање, доколку, за одделни прашања, не се реши да се гласа тајно.

### Член 29

Начинот на работа на Претседателството се утврдува со Деловник за работа.

### Член 30

За својата работа Претседателството е одговорно само пред Собранието на ЗМКГБ.

## НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗМКГБ

### Член 31

За вршење на непосредна и ефикасна контрола на работењето на ЗМКГБ, заштита на имотот и другите права и обврски на ЗМКГБ, се формира Надзорен одбор.

Надзорниот одбор се состои од три члена кои ги избира Собранието на ЗМКГБ, со мандат од четири години.

### Член 32

Надзорниот одбор има права и должност да го надгледува и проверува правилното и законско работење, спроведувањето на одредбите на Статутот и другите акти на ЗМКГБ, да врши преглед на сите документи, предмети, деловни книги, материјални средства и други документи и за своите наоди да го известува Претседателството, односно Собранието на ЗМКГБ.

Надзорниот одбор е должен да го предупреди органот, односно лицето кај кое ја утврдил неправилноста во работењето и да бара отстранување во одреден рок.

Претседателот на Надзорниот одбор присуствува на седниците на Претседателството.

### Член 33

За својата работа, Надзорниот одбор одговара пред Собранието на ЗМКГБ, на кое и му поднесува Извештај.

### Член 34

Начинот на работа на Надзорниот одбор се утврдува со Деловник за работа.

## СУД НА ЧЕСТА НА ЗМКГБ

### Член 35

За заштита на професионалниот углед и достоинството на своите членови, на ЗМКГБ и на градежната струка како целина, се формира Суд на честа од три члена кои што ги избира Собранието на ЗМКГБ, со мандат од четири години.

Членови на Судот на честа може да бидат само угледни и авторитетни членови на ЗМКГБ.

### Член 36

На одреден член на ЗМКГБ, Судот на честа може да му ги изрече следниве казнени мерки:

- јавна опомена;
- суспензија на членството во ЗМКГБ во траење од две години;
- трајно исклучување од ЗМКГБ.

Приговор на решението на Судот на честа се поднесува до Собранието на ЗМКГБ чие решение е конечно.

### Член 37

Начинот на покренувањето на иницијативата со поднесок за расправа пред Судот, начинот на водењето на постапката, обвинувањето и одбраната се регулираат со Правилник за работа на Судот на честа што го донесува Собранието на ЗМКГБ.

## КОМИСИИ И ОДБОРИ

### Член 38

Во рамките на своите права и должности, одделни органи на ЗМКГБ може да формираат комисии и одбори како свои помошни органи. Членови на комисиите и одборите не се задолжително членови на органите.

## V. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 39

Здружението македонски комитет за големи брани ги остварува своите приходи од следниве извори:

- членарина;
- дотации од Сојузот на градежните инженери на Македонија;
- наменски средства за одделни програмски активности одобрени од Владата на Република Македонија, а добиени од буџетот на Републиката, буџетот на единиците на локалната самоуправа и буџетот на Град Скопје, од претпријатија и други организации;
- организација на научни и стручни собири, семинари и симпозиуми;
- претплата на одделни публикации на ЗМКГБ;
- прилози, спонзорства и подароци;
- интелектуални услуги и сл.

Член 40

Материјалното и финансиско работење на Здружението македонски комитет за големи брани се врши во согласност со прописите што важат за здруженија и фондации и решенијата на Претседателството, донесени во согласност со Статутот и Законот.

Член 41

Финансиското работење на ЗМКГБ е достапно на сите регистрирани членови на ЗМКГБ преку директен увид, со повремени известувања и слично.

## VI. ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТ, ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

Член 42

Иницијативата со предлог за донесување на Статут на ЗМКГБ, односно измена или дополнување на Статутот и другите општи акти може да поведе секој регистриран член на ЗМКГБ, Претседателството, Надзорниот одбор, односно органите формирани од Собранието, како и Собранието на ЗМКГБ.

Нацртот на Статутот, односно измените и дополнувањата ги утврдува Претседателството на ЗМКГБ и ги доставува до Собранието на ЗМКГБ по добивањето на мислењата од членството и завршувањето на јавната расправа.

Измените и дополнувањата на Статутот и другите општи акти се вршат по иста постапка како и при нивното донесување.

Член 43

Автентично толкување на одредбите на Статутот дава Собранието на ЗМКГБ.

## VII. ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ЗМКГБ

Член 44

Здружението македонски комитет за големи брани може да престане со работа во случај ако:

- така решат членовите на ЗМКГБ на седница на Собрание со двотретинско мнозинство;
- бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;
- ако Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и Статутот на ЗМКГБ не се во согласност со Уставот;
- ако се утврди дека ЗМКГБ престанало со работа.

Во случај на престанување на работа, средствата што остануваат по намирување на обврските на ЗМКГБ се пренесуваат во сопственост на:

- Архивот на Република Македонија: стручната литература, списанијата, стручните и научните сепарати, збирките на технички прописи и стандарди и севкупната архива на ЗМКГБ;
- домот за деца без родители: сите преостанати парични средства.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Овој Статут е усвоен на седницата на Собранието на ЗМКГБ одржана на ден 20.12.2019 година и стапува во сила на денот на неговото донесување.

Со денот на донесувањето на овој Статут, престанува да важи Статутот на Здружението Македонски комитет за големи брани (ЗМКГБ), донесен на седницата на Собранието, одржана на 19.12.2014 година.

Член 46

Усогласувањето, односно донесувањето на општите акти на ЗМКГБ со одредбите на овој Статут ќе се изврши во рок од 6 (шест) месеци од неговото донесување.

Скопје, 20.12.2019 год.

ЗДРУЖЕНИЕ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ
ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ

Претседател,

Проф. д-р. Љупчо Петковски